РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

Арх. бр: 02-1938/2
Дата 30.10.2025год.

Врз основа на член 57 од Статутот на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје и Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во согласност со член 110 и членови 161 и 217 од Законот за високо образование (Сл.весник на РСМ бр.82/2018год., бр.178/2021), член 42 од Правилникот за посебните услови за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ (Унив.гласник бр.411 од 5.11.2018), Наставно-научниот совет на Факултетот на својата редовна седница одржана на 30.10.2025год., ја донесе следнава

ОДЛУКА

за избор

1. д-р Бобан Јоксимовски, доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се избира во звањето вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје во сите наставно-научни звања во наставно-научната област Компјутерско инженерство, информатика и роботика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство– Скопје, согласно оцената во реферантот за избор објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “ бр. 1338 од 01.10.2025 година (стр.140-157)

2. д-р Бобан Јоксимовски се избира во звање вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје за времетраење од 5 години.

3. Одлуката стапува на сила со денот на незиното донесување.

Образложение

На конкурсот објавен во весниците Нова Македонија” и “Коха” од 09.08.2025 година за избор на наставник сите наставно-научни звања во сите наставно-научни звања во наставно-научната област Компјутерско инженерство, информатика и роботика, се пријави кандидатот д-р Бобан Јоксимовски, доцент на Факултетот, кој во целост ги исполнува условите утврдени во во конкурсот, Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Наставно-научниот совет на Факултетот врз основа на горе изнесеното одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Доставено до: архива, сметководство, персонално досие, именуваниот

Декан
вон.проф. д-р Петре Ламески

Изработил: м-р Валентина Трајанова, Рак.на Одделение за правни и општи работи
Одобрил: м-р Игор Цветановски, Секретар